Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-42/2
24-01-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-389 од 16.11.2021 година поднесена од Адвокатската канцеларија [redacted] како полномошник на здравствените работници [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted] против Јавната Здравствена Установа Здравствен Дом „Здравје" Валандово (ЈЗУ Здравје) и одговорното лице, за сторена дискриминација по основ на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 24.01.2022 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на образование во областа на работата и работните односи извршена од страна на ЈЗУ Здравствен Дом „Здравје" Валандово и одговорното лице кон работниците [redacted],
[redacted]

## Образложение

На 06.11.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од Адвокатската канцеларија [redacted] во кој тој наведува дека од страна на ЈЗУ „Здравје" е извршена дискриминација врз работниците [redacted], [redacted] и [redacted] врз основ на образование во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителот наведува дека странките имаат засновано работен однос во ЈЗУ „Здравје" со Договори / Решенија за работа на работните места медицински сестри и шофери. Со воведување и организирање на службите на Итна медицинска помош, Министерството за здравство ги задолжило сите јавни здравствени установи да ја усогласат својата работа со Правилникот за организација и начинот на вршење на итната медицинска помош. Според правилникот, ЈЗУ „Здравје" бил должен да состави медицински тим од лекари, медицински сестри и возачи а за тоа на здравствените работниците требало да им бидат изготвени соодветни решенија за распоредување во


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

согласност со членот 43 од Законот за вработени во јавниот сектор[1], членовите 157 и 163 од Законот за здравствена заштита[2] како и членот 22 од Колективниот договор за здравствената дејност[3].

Но, како што наведува подносителот, наместо да им се изготват соодветни решенија, медицинските сестри и шоферите во Итната медицинска помош при ЈЗУ „Здравје" во 2016 година биле распределени со уснени наредби а дел од нив сеуште работат на истата позиција без соодветен писмен акт за прераспределба. За разлика од нив на докторите кои работат во Итната медицинска помош им биле дадени соодветни договори и писмени акти за прераспределба со што тие го стекнале правото за надоместоци на плата. Поради ваквиот нерешен статус на работното место, подносителот наведува дека работници кои ги застапува трпат последици во смисла на повреда на правата кои произлегуваат од работниот однос.

По разгледување на списите од предметот, КСЗД во согласност со член 26 од ЗСЗД одлучи дека тврдењето на подносителот е веројатно и на 18.11.2021 до ЈЗУ „Здравје" беше пратено барање за изјаснување заверено под број 0801-389/2. На 13.12.2021 година, ЈЗУ „Здравје" одговори на барањето. Со одговорот, ЈЗУ „Здравје" не извести дека од страна на осумте лица била поведено судска постапка пред Основен суд Гевгелија за надоместоци од работен однос, по што Основниот суд одговорил во полза на тужителите. Понатаму не известуваат дека ЈЗУ „Здравје" ја обжалил одлуката пред Апелационен суд, истата била уважена, првостепената одлука била укината а предметот бил вратен на повторно судење пред првостепен суд.

За да може точно да се утврди фактичката состојба, КСЗД на 24.12.2021 поднесе барање за доставување дополнителни информации до здравствениот дом, со тоа што побара одговор на прашањата дали покрај подносителите на претставката во здравствениот дом работата и други сестри и шофери за кои има писмен акт за прераспределба. На 20.01.2022 до КСЗД стигна одговор по барањето. Одговорот се содржи од договорите за работа на медицинските сестри и шоферите кои работат во Итната медицинска помош и од тука се гледа дека на дел од работниците им биле изготвени соодветни договори и решенија а на дел не им се изготвени соодветни писмени акти.

КСЗД земајќи ги во предвид фактите со кои располага дојде до мислење дека медицинските сестри и шоферите во Итната медицинска помош при ЈЗУ „Здравје" биле ставени во понеповолна положба од докторите затоа што на докторите им биле изготвени

---

[1] Законот за вработени во јавниот сектор, Службен весник број: 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019; 14/2020; 302/2020

[2] Законот за здравствена заштита, Службен весник број: 10/2013

[3] Колективниот договор за здравствената дејност, Службен весник број: 60/2006; 156/2007; 17/2009; 88/2009; 60/2010; 33/2011; 5/2013; 172/2014; 118/2015; 3/2016; 75/2016; 137/2016; 80/2018; 31/2019; 32/2019; 196/2019; 219/2019; 1/2020; 22/2020; 32/2020; 174/2021


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

соодветни решенија а со тоа на овие работници им се пресметува и исплатува додаток на плата и социјални придонеси со зголемено траење – бенефициран стаж. Со таквиот третман медицинските сестри и шоферите поради нивниот образовен статус се ставени во позиција на разликување, исклучување и ограничување при остварување на нивните права и слободи во областа на работата и работните односи. Со оглед на тоа што ваквата состојба трае од 2016 година, КСЗД во согласност со членот 13 од ЗСЗД ваквото дело го смета за потежок облик на дискриминација и донесе мислење дека во случајот има директна продолжена дискриминација. За таа цел КСЗД ја дава следната препорака.

## П Р Е П О Р А К А

До ЈЗУ Здравствен Дом „Здравје" Валандово и до одговорното лице се препорачува да го почитува Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за здравствена заштита и во согласност со Колективниот договор за здравствената дејност да издаде соодветен писмен акт за распоредување на здравствените работниците кои работат во Итната медицинска помош. Со таквиот акт ЈЗУ Здравствен Дом „Здравје" Валандово ќе го обезбеди принципот на еднаквост и недискриминација а со тоа работниците ќе можат да си ги остварат работни права во согласност со позитивните законски прописи.

Се препорачува ЈЗУ Здравствен Дом „Здравје" Валандово во иднина да обрне посебно внимание на почитување на еднаквоста и да не прави разликување, исклучување и ограничување при остварување на права и слободи во областа на работата и работните односи.

Доколку ЈЗУ Здравствен Дом „Здравје" Валандово не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во согласно со своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
24.01.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:
-Адвокатска канцеларија [redacted] Штип
-ЈЗУ Здравствен дом ЗДРАВЈЕ Ц.О. Валандово- ул. Лазар Колишевски б.б. Валандово


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk